# ЗАПИСНИК

***од Петнаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 25.06.2010 година, Уставна сала, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 12.10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа: Н.Е г. Хозе Мануел Паз Аугерас, амбасадор на Кралството Шпанија и претставникот на Делегацијата на Европска унија во Република Македонија г-ѓа Марина Курте политички советник во Делегацијата на ЕУ.

На седницата присуствуваа г. Антонио Милошоски, Министер за надворешни работи и г-ѓа Агнеса Руси, државен советник во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Петар Поп Арсов, г-ѓа Флора Кадриу, г. Џеват Адеми, г. Тито Петковски и г. Кенан Хасипи пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Васко Наумовски заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија и г. Зоранчо Алексов, претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, претставниците на Советот: г. Дојчин Цветановски од Конфедерацијата на слободни синдикати, г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, г-ѓа Дивна Змејковска од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија и Мимоза Шумковска Велјановска од Еврејската заедница на Република Македонија, претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

1. Европската интеграција на Република Македонија по Европскиот совет, од 17 јуни 2010 година

**ТОЧКА 1: Европската интеграција на Република Македонија по Европскиот совет, од 17 јуни 2010 година**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата на Советот свои обраќања имаа г. Антонио Милошоски, Министер за надворешни работи и Н.Е г. Хозе Мануел Паз Аугерас, амбасадор на Кралството Шпанија.

Во дискусијата учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Петар Поп Арсов, г-ѓа Флора Кадриу г. Тито Петковски и г.Џевад Адеми, пратеници и членови на Советот, г. Димитар Мирчев, член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија и г. Живко Митревски претставник од Сојузот на синдикати на Македонија.

Седницата на Советот заврши во 14.20 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Петнаесеттата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

30-2574/5
28-10-2010

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Радмила Шекеринска

РАКОВОДИТЕЛ НА
СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА
НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Даниела Велковска

Изработил : Ј.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска